РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2613/2
22-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2613/1 од 01.10.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за прекршување на законски одредби во изборен процес при посета на /// од страна на министерката за /// ///, заменик-министерот за /// /// и градоначалникот на Општина /// ///, одржана на 29.09.2025 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што наводите за сомневање за прекршување на законски одредби во изборен процес не се потврдуваат односно во предметниот случај не е констатирано прекршување на законските одредби за време на изборен процес.

ДКСК укажува на потребата од задолжително почитување на одредбите од Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата[1] во текот на времетраењето на изборниот процес.

Предметот со број 12-2613/1 од 01.10.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

[1] *„Службен весник на РСМ“, бр. 232/2020, 162/2021*

Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 01.10.2025 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за прекршување на законски одредби во изборен процес при посета на /// од страна на министерката за /// ///, заменик-министерот за /// /// и градоначалникот на Општина /// ///, одржана на 29.09.2025 година.

Според наведеното во пријавата, на ден 29.09.2025 година погоре наведените службени лица го посетиле /// при што на учениците им биле доделени училишни униформи и ранци, за што подносителот на пријавата изразил сомневање дека претставува повреда на одредбите од членот 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на одредбите од членот 8-а од Изборниот законик.

Во пријавата доставена до ДКСК е содржан линк до соопштение за одржаната посета објавено на интернет страницата на Министерството за ///.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК изврши увид во содржината на јавната објава посочена во пријавата, при што ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 29.09.2025 година на интернет страницата на Министерството за /// е објавено соопштение со текст и фотографии кои упатуваат на остварена заедничка посета на /// од страна на министерот за ///, заменик-министерот за /// и градоначалникот на Општина ///. Видно од текстот на објавата, при посетата од страна на министерот за /// ///, заменик-министерот за /// /// и градоначалникот на Општина /// /// биле доделени униформи и ранци за учениците од ова училиште, при што било потенцирано дека учениците од тој ден имаат униформи и ранци, како и сите останати ученици на територијата на општина ///, што од страна на министерот за /// било квалификувано како остварено ветување на градоначалникот на ///. При посетата била потенцирана одговорноста за подигнување на инклузивноста на образованието.

Видно од содржината на фотографиите од соопштението на Министерството за ///, на истите е прикажана средба која се одржува во образовна установа на која службените лица посочени во пријавата присуствувале во својство на претставници на органите со кои раководат, а кои органи имаат надлежност во однос на организацијата на спроведувањето на образовниот процес, при што не се прикажани партиски симболи или други материјали кои упатуваат на промоција на кандидат во изборна кампања.

Имајќи ја предвид содржината на текстот и на фотографиите содржани во објавеното соопштение на Министерството за /// за посетата на /// на 29.09.2025 година, ДКСК цени дека доделувањето на училишни ранци и униформи во конкретниот случај не претставува исплата во смисла на член 34 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и во смисла на член 8-а став 1 точка 2 од Изборниот законик. Воедно, ДКСК цени дека конкретната посета на /// не претставува јавен настан во смисла на член 8-а став 1 точка 2 од Изборниот законик.

Воедно, имајќи ги предвид околностите опфатени со предметниот случај, ДКСК укажува на потребата од задолжително почитување на одредбите од Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата[2] во текот на времетраењето на изборниот процес.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите за сомневање за прекршување на законски одредби во изборен процес изнесени во пријавата врз чија основа е оформен предметот не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик – претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

[2] *„Службен весник на РСМ", бр. 232/2020, 162/2021*